Идејата за појавување на концептот за одржлив развој е поврзана со опасноста од деградација на животната средина како резултат на забрзаниот конвенционален економски развој во втората половина на 20-от век. Во овој период се појавува неопходност од стабилен економски развој кој не треба и смее да запре, туку мора да го промени својот тек за да биде помалку деструктивен за животната средина.

## ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Одржливиот развој е сложен мултидимензионален концепт за кого во литературата се наведуваат повеќе од 120 дефиниции. Сепак, најчесто прифатена и користена е дефиницијата на Светската комисија за животна средина и развој (WCED - World Commission on Environment and Development) уште наречена и Брунтландова комисија, според која:” Одржливиот развој е развој кој ги задоволува потребите на сегашните, генерации без да ја загрози способноста на идните генерации да ги задоволат своите сопствени потреби.
Одржливиот развој е процес на промени во кој експлоатацијата на ресурсите, насочувањето на инвестициите, ориентацијата на технолошкиот развој и институционалните рамки се во меѓусебен склад и овозможуваат задоволување на сегашните и идните потреби. “[142]

Одржливиот развој значи постигнување на квалитет на живот којшто може да биде одржлив и можен за многу генерации бидејќи тој е социјално посакуван, економски остварлив и еколошки прифатлив. Овој концепт признава постоење на природни граници на биокапацитетот на Земјата и инсистира на баланс помеѓу развојот на економијата, заштитата на човековите права и заштитата на животната средина.

Според тоа, одржливиот развој опфаќа три компоненти: еколошка, економска и социјална. Покрај постоењето на цели во секоја компонента на одржливиот развој, сепак може да се рече дека крајната цел и централен мотив во овој концепт е работењето во правец на постигнување на одржлив квалитет на живот на луѓето како во сегашноста, така и во иднината. Со други зборови, одржливиот развој претставува основен услов за човековата мултидимензионална благосостојба.

За да може да се реализира овој концепт, мора да се води сметка за принципот на праведност и принципот на социјална одговорност.

**Принципот на праведност** вклучува праведност меѓу нациите, праведност во нациите, праведност меѓу сегашните и идните генерации, како и праведност помеѓу човекот и останатите животински видови на Земјата.

---

McIntyre, G, *Sustainable Tourism Development: Guide for Local Planners*. Madrid: WTO (1993)

**Принципот на социјална одговорност** се однесува на рационалното користење на природните ресурси (особено на необновливите) за да се спречи нивното исцрпување и штетите кои би настанале врз животната средина.

## МЕСТОТО И УЛОГАТА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ ВО ПРАВНИТЕ НАУКИ

Одржливиот развој не претставува автономна гранка на меѓународното право, туку принцип во рамките на различни гранки на правото. Бидејќи одржливиот развој опфаќа три компоненти, правната проблематика од областа на одржливиот развој наједноставно се објаснува како пресек помеѓу трите полиња на меѓународното право и тоа: меѓународното право за животна средина, меѓународното економско право и меѓународното право за човекови права.

Schrijver[143] сугерира дека не би било пожелно да постои посебна автономна гранка на меѓународното право која ќе го регулира и ќе се однесува на одржливиот развој бидејќи одржливиот развој би требало да биде интегриран во целото меѓународно право.

Низ годините, одржливиот развој се поврзувал со различни области на меѓународното право како на пример: трговското право, договорното право, законот за вода, законот за контрола на оружјето и многу други. Според тоа, во научните кругови постои поддршка и залагање за неограничување на одржливиот развој само на трите гранки на правото (меѓународното економско право, меѓународното еколошко право и меѓународното право за човекови права), туку општоприфатен став е дека тоа е принцип на целокупното меѓународно право кој не е ограничен на ниту една посебна гранка на меѓународното право и има за цел да се примени и да влијае на целокупното меѓународно право, а не само на одредени специфични области. Сфатен во овој контекст, според едни автори одржливиот развој може да функционира како **принцип на толкување** односно како алатка за толкување на меѓународните договори.

Според Lowe[144] пак, одржливиот развој може да функционира како **интерстицијална норма** односно претставува метафизички принцип кој делува на примарните правила и принципи на меѓународното право и го модифицира ефектот на примарните норми на меѓународното право во случај кога постои можност тие да се преклопат или да се спротивставени една на друга, па е неопходно нивно приближување и усогласување (како на пример правото на развој и правото на заштита на животната средина) .

Покрај тоа што служи како интерстицијална норма и алатка за интерпретација, улогата на одржливиот развој е да наметне “преиспитување” или дури да имплицира “запирање” на принципите кои резултираат со неодржливи практики.

## ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Човековите права претставуваат дел од социјалната компонента на одржливиот развој. Кога се анализира пристапот базиран на правата на одржливиот развој, се зема во предвид поимот социјална еднаквост. Социјалната еднаквост се однесува на фер и праведната распределба на економските и еколошките трошоци придобивки, услугите како што се здравствената заштита и образованието, способноста за учество во процесите на донесување одлуки. Примената на социјалната еднаквост значи да се посвети внимание на обесправените групи во општеството: жените, младите и децата, старите лица, домицилното население и етничките малцинства. Кога се разгледува односот помеѓу човековите права и одржливиот развој, најдобрата појдовна точка е Агендата за одржлив развој 2030. Во центарот на Агендата 2030 за одржлив развој се целите на одржливиот развој односно сет од 17 цели и 169 подцели во рамки на социјалната, економската и еколошката компонента на одржливиот развој. Агендата за одржлив развој 2030 е заснована на човековите права. 17-те цели на одржливиот развој директно или индиректно ги одразуваат стандардите за човекови права. Кога се анализираат човековите права поткрепени од секоја цел на одржливиот развој и нејзините подцели, се појавува следната меѓусебна поврзаност: 92% од 169-те подцели на одржливиот развој се поврзани со меѓународните инструменти за човекови права Во следната табела се прикажани основните цели на одржливиот развој и нивната поврзаност со основните меѓународни човекови права.

---

Tladi, D. *Sustainable Development in International Law: An Analysis of Key Enviro-Economic Instrument*. Cape Town: Pretoria University Law Press (PULP), (2007)

ibid

**Табела 1**

| | Цели на одржливиот развој | Поврзани човекови права |
|---|---|---|
| 1. | **Крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде**<br>Подцелите вклучуваат искоренување на екстремната сиромаштија, имплементирање намеркизасоцијалназаштитаи обезбедување еднаков пристап на мажите и жените до економски ресурси. | - Право на соодветен стандард на живеење (UDHR чл. 25; ICESCR чл. 11; CRC чл. 27)<br>- Право на социјална сигурност (UDHR чл. 22; ICESCR чл. 9; CRPD чл. 28; CRC чл. 26)<br>- Еднакви права на жените во економскиот живот [(CEDAW чл. 11, 13, 14 (2) (г), 15 (2), 16 (1)] |
| 2. | **Крај на гладот, постигнување безбедност на храната и подобрување на исхраната и промовирање на одржливо земјоделство**<br>Подцелите вклучуваат крај на гладот и потхранетоста, подобрување на земјоделското производство, одржливо и прилагодливо производство на храна, корегирање на трговските нарушувања и обезбедување на функционирање на пазарите за храна. | - Право на соодветна храна [UDHR чл. 25; ICESCR 11; CRC чл.24 (2) (ц)]<br>- Меѓународна соработка вклучувајќи и обезбедување правична дистрибуција на светската понуда на храна [UDHR чл. 28; ICESCR чл.2 (1); 11 (2)] |
| 3. | **Здрав живот и благосостојба кај сите возрасни категории**<br>Подцелите вклучуваат намалување на смртноста на мајките, спречување на превентибилните смртни случаи кај новороденчињата, запирање на епидемиите на сида и другите болести, универзална покриеност со здравствена заштита, сексуално и репродуктивно здравје, поддршка на истражувањето и развојот на вакцини и лекови за заразните и незаразните болести. | - Право на живот [UDHR чл. 3; ICCPR чл. 6] особено на жените [CEDAW чл. 12] и децата [CRC чл. 6]<br>- Право на здравје [ UDHR чл. 25; ICESCR чл. 12] особено на жените [CEDAW чл. 12] и децата [CRC чл. 24]<br>- Посебна заштита за мајките и децата [ICESCR чл. 10]<br>- Право да се уживаат придобивките од научниот напредок и неговата примена [UDHR чл. 27; ICESCP чл. 15 (1) (б)]<br>- Меѓународна соработка [UDHR чл. 28; DRtD чл. 3-4] особено во врска со правото на здравје и детските права [ICESCR чл.2 (1); CRC чл. 4] |
| 4. | **Инклузивно,еднаквоиквалитетно образование и промовирање на можности за доживотно учење на сите**<br>Поделите вклучуваат универзален пристап до бесплатно, правично и квалитетно основно и средно образование; подобрување на стручните вештини; изградба и надградба на образовни установи; стипендии и обука на наставен кадар. | - Право на образование [UDHR чл.26; ICESCR чл.13], особено во однос на децата [CRC чл.28, 29], лицата со посебни потреби [CRC чл.23(3), CRPD чл.24] и локалното население [UNDRIP чл.14]<br>- Еднакви права на жените и девојчињата во областа на образованието [CEDAW чл.10]<br>- Право на работа, вклучително техничка и стручна обука [ICESCR чл. 6]<br>- Меѓународна соработка [UDHR чл.28; DRtD чл.3-4] особено во однос на децата[CRC чл.23(4), 28(3)], лицата со посебни потреби [CRPD чл.32] и локалното население [UNDRIP чл.39] |
| 5. | **Постигнување родова еднаквост со која ќе се зајакнат сите жени и девојчиња**<br>Подцелите вклучуваат елиминирање на дискриминацијата и насилството против жените и девојчињата насекаде, признавање и вреднување на неплатената работа во негата и домаќинството, обезбедување на целосно учество на жените и еднакви можности за водечки позиции, универзален пристап до заштита на сексуалното и репродуктивното | - Елиминација на сите форми на дискриминација на жените [CEDAW чл. 1-5] и девојчињата [CRC чл. 2], особено во законодавството, политичкиот и јавниот живот (чл.7), економскиот и социјалниот живот (чл.11,13) и семејните односи (чл.16)<br>- Право на одлучување за бројот и растојанието помеѓу децата [CEDAW чл.12, 16(1) (е); CRC чл.24 (2) (ф)]<br>- Посебна заштита на мајките и децата [ICESCR |

| | | |
|---|---|---|
| | здравје и еднаков пристап на жените до економските ресурси. | чл.10]<br>- Елиминација на насилството врз жените и девојчињата [CEDAW чл.1-6; DEVAW чл. 1-4; CRC чл. 24 (3), 35]<br>- Право на правични и поволни услови за работа [ICESCR чл. 7; CEDAW чл. 11] |
| 6. | **Достапност и одржлив менаџмент на вода и санитарни услови за сите**<br>Поделите вклучуваат обезбедување универзален и правичен пристап до безбедна идостапна вода за пиење, санитарни и хигиенски услуги за сите, намалување на загадувањето, зголемување на ефикасноста во употребата на водата и промовирање на интегрирано управување со водните ресурси и санитарните услуги. | - Право на безбедна вода за пиење и санитарни услови [ICESCR чл.11]<br>- Право на здравје [UDHR чл.25; ICESCRчл. 12]<br>- Еднаков пристап до вода и санитарни услови за жените во руралните средини [CEDAW чл.14 (2) (х)] |
| 7. | **Достапна, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите**<br>Подцелите вклучуваат обезбедување универзален пристап до достапни, сигурни и модерни енергетски услуги за сите | - Право на адекватен стандард на живот [UDHR чл.25; ICESCR чл.11]<br>- Право да се уживаат придобивките од научниот прогрес и неговата примена [UDHR чл.27; ICESCR чл. 15 (1) 9 (б)] |
| 8. | **Поттикнувањепостојан,одржливи инклузивен економски развој, целосна и продуктивна вработеност и пристојна работа за сите**<br>Подцелите вклучуваат поттикнување на одржлив економски раст; подобрување на ефикасноста на ресурсите во производството и потрошувачката; целосна и продуктивна вработеност и пристојна работа за сите; искоренување на принуднатаработа, модерното ропство и трговијата со луѓе; забрана за детски труд; заштита на работничките права вклучително и на работниците мигранти. | - Право на работа и на правични и поволни услови за работа [ UDHR чл.23; ICESCR чл. 6,7,10; CRPD чл. 27; ILO Основни конвенции за човекови права и ILO декларација за основните принципи и права при работа]<br>- Забрана за ропство, принудна работа и трговија со луѓе [UDHR чл.4; ICCPR чл.8; CEDAW чл. 6; CRC чл. 34-36]<br>- Еднакви права на жените во врска со вработувањето [CEDAW 11; ILO Конвенции бр.100 и бр.111]<br>- Забрана за детски труд [CRC чл. 32; ILO Конвенција бр.182]<br>- Еднакви работни права на работниците мигранти [CMW чл.25] |
| 9. | **Изградба на отпорна инфраструктура, поттикнување на инклузивна и одржлива индустријализација и негување на иновативноста**<br>Подцелите вклучуваат достапен и правичен пристап до квалитетна инфраструктура, индустријализација која генерира вработување, пристап до финансиски услуги и пазари, иновации и трансфер на технологии и значително подобрување на пристапот до информациска и комуникациска технологија. | - Право да се уживаат придобивките од научниот прогрес и неговата примена [UDHR чл. 27; ICESCR чл. 15 (1) (б)]<br>- Право на пристап до информации [UDHR 19; ICCPR 19 (2)]<br>- Право на адекватно домување, вклучувајќи земја и ресурси [UDHR 25; ICESCR 11]<br>- Еднакви права на жените за финансиски кредити и рурална инфраструктура [CEDAW 13 (b); 14 (2)] |
| 10. | **Намалување на нееднаквоста во земјите и меѓу нив**<br>Подцелите вклучуваат постепено постигнување и одржување на раст на приходите за најсиромашните 40 проценти од населението; јакнење и промовирање на социјалната, политичката и економската вклученост на сите; намалување на | - Право на еднаквост и недискриминација [UDHR 2; ICESCR 2 (2); ICCPR чл. 2 (1), чл. 26; CERD чл. 2(2); CEDAW чл. 2; CRC чл. 2; CRPD чл.5; CMW чл. 7; DRtD чл. 6 (1)]<br>- Право на учество во јавните работи [UDHR чл.21; ICCPR чл. 25; CEDAW чл. 7; ICERD чл. 5; CRPDчл. 29; DRtD чл. 8 (2)<br>- Право на социјално осигурување [UDHR чл.22; |

| | | |
|---|---|---|
| | нееднаквоста во можностите и резултатите; обезбедување на социјална заштита за сите; обезбедување учество во донесување на економски одлуки; олеснување на миграцијата и намалување на трансакционите трошоци за дознаки од мигранти. | ICESCR чл. 9-10; CRPD чл.28]<br>- Промоција на услови за меѓународна миграција [CMW чл.64]<br>- Право на мигрантите да ги пренесат своите приходи и заштеди [CMV чл.47 (1)] |
| 11. | **Инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи градови и населби**<br>Подцелите вклучуваат обезбедување пристап до домување, основни услуги и јавен превоз за сите; партиципативно планирање на човечките населби; заштита на културното и природното наследство; и зајакнување на отпорноста на катастрофи. | - Право на адекватно домување, вклучувајќи земја и ресурси [UDHR чл. 25; ICESCR чл.11]<br>- Право на учество во културниот живот [UDHR чл. 25; ICESCR чл.15; ICERD чл. 5,7; CRPD чл. 30; CRC чл.31]<br>- Достапност на превоз, објекти и услуги, особено на лицата со хендикеп [CRPD чл. 9(1)] [CRC чл.23] и жените од руралните средини [CEDAW чл.14 (2)]<br>- Заштита од природни непогоди [CRPD чл.11] |
| 12. | **Обезбедувањеодрживимоделина потрошувачка и производство**<br>Подцелите вклучуваат постигнување на одрживо управување и ефикасна употреба на природнитересурси;подобрувањена управувањето со отпадот; поттикнување одржливи практики во јавните набавки; обезбедување пристап до информации; и градење капацитет за одржлив развој. | - Право на здравје, вклучувајќи го правото на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина [UDHR чл.25(1); ICESCR чл.12]<br>- Право на адекватна храна и право на безбедна вода за пиење [UDHR чл.25(1); ICESCR чл.11]<br>- Право на сите народи слободно да располагаат со своите природни ресурси [ICCPR; ICESCR чл.1(2)] |
| 13. | **Преземање на итни мерки против климатските промени и нивните влијанија**<br>Подцелите вклучуваат зајакнување на отпорноста и капацитетот за прилагодување на ризиците поврзани со климатските промени и природните катастрофи, целосна операционализација на Зелениот климатски фонд. | - Право на здравје, вклучувајќи го правото на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина [UDHR чл.25(1); ICESCR чл.12; CRC чл.24; CEDAW чл.12; CMW чл.28]<br>- Право на адекватна храна и право на безбедна вода за пиење [UDHR чл.25(1); ICESCR чл.11]<br>- Право на сите народи слободно да располагаат со своите природни ресурси [ICCPR; ICESCR чл.1(2)] |
| 14. | **Заштита и одржливо користење на океаните, морињата и морските ресурси во насока на одржлив развој**<br>Подцелите вклучуваат намалување на загадувањето на морињата; зачувување на крајбрежните екосистеми, крајбрежните морскиповршиниирибниотфонд; обезбедување пристап на малите риболовци до морските ресурси и до пазарите; заштита на морската биолошка разновидност. | - Право на здравје, вклучувајќи го правото на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина [UDHR чл.25(1); ICESCR чл.12; CRC чл.24; CEDAW чл.12; CMW чл.28]<br>- Право на адекватна храна и право на безбедна вода за пиење [UDHR чл.25(1); ICESCR чл.11]<br>- Право на сите народи слободно да располагаат со своите природни ресурси [ICCPR; ICESCR чл.1(2)] |
| 15. | **Заштита, обновување и поттикнување на одржливо користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустинувањето, запирање на деградацијата на почвата и загубата на биодиверзитетот**<br>Подцелите вклучуваат одржливо управување со терестијалните и екосистемите во слатките води; заштита на планинските екосистеми и шуми;борбапротивопустинувањето; запирање на загубата на биодиверзитетот; | - Право на здравје, вклучувајќи го правото на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина [UDHR чл.25(1); ICESCR чл.12; CRC чл.24; CEDAW чл.12; CMW чл.28]<br>- Право на адекватна храна и право на безбедна вода за пиење [UDHR чл.25(1); ICESCR чл.11]<br>- Право на сите народи слободно да располагаат со своите природни ресурси [ICCPR; ICESCR чл.1(2)] |

| | | |
|---|---|---|
| | борба против ловокрадството и трговијата со заштитени видови. | |
| 16. | **Промовирањемирниииинклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и градење ефективни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа**<br>Подцелите вклучуваат намалување на сите форми на насилство, вклучувајќи насилство врз деца и трговија со деца; унапредување на владеење на правото и пристап до правда за сите; намалување на нелегални текови на финансии и оружје, корупција и поткуп; развој на ефективни и отчетни институции; учество во донесувањето одлуки на сите нивоа;борбапротивтероризмоти криминалот. | - Право на живот, слобода и безбедност на личноста[UDHR чл. 3; ICCPR чл.6(1), 9 (1); ICPED чл.1], вклучувајќи и слобода од тортура [UDHR чл. 5; ICCPR чл.7; CAT чл.2; CRC чл. 37 (a)]<br>- Заштита на децата од сите форми на насилство, злоупотреба или експлоатација [CRC чл.19, 37 (a)) вклучувајќи трговија со луѓе (CRC чл.34-36; CRC-OP1)]<br>- Право на пристап до правда и правичен процес [UDHR чл.8,10; ICCPR чл.2 (3), 14-15; CEDAW чл.2 (c)]<br>- Право на правно лице [UDHR чл. 6; ICCPR чл.16; CRPD чл.12]<br>- Право на учество во јавните работи [UDHR чл.21; ICCPR чл.25]<br>- Право на пристап до информации [UDHR чл.19; ICCPR чл.19(1)] |
| 17. | **Зајакнување на средствата за имплементација и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој**<br>Подцелите вклучуваат зајакнување на домашнитеимеѓународнитересурси; трансфер на технологија и градење на капацитети; поттикнување на трговијата; кохерентност на политиките и институциите; зајакнување на партнерството за одржлив развој; поттикнување на развојот на еколошки одржливи технологии; подобрување на достапноста на квалитетни, навремени и веродостојни податоци; развој на показатели за напредок во одржливиот развој. | - Право на сите народи на самоопределување [ICCPR, ICESCR чл.1(1); DRtD чл.1(1)]<br>- Право на сите народи на развој и меѓународна соработка [UDHR чл. 28; ICESCR чл. 2 (1); CRC чл. 4; CRPD чл. 32 (1); DRtD чл.3-5]<br>- Право на сите да ги уживаат придобивките од научниотпрогресинеговатапримена, вклучувајќи меѓународна соработка во областа на науката [UDHR чл.27 (1); ICESCR чл.15 (1)]<br>- Право на приватност [UDHR чл.12; ICCPR чл. 17] вклучувајќи го и почитувањето на човековите права и етичките принципи при прибирањето и употребата на статистичките податоци [CRPD чл.31(1)] |

**Листа на меѓународни документи за човекови права:**

| | | |
|---|---|---|
| 1948 | (UDHR) | Универзална декларација за човекови права |
| 1965 | (CERD) | Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација |
| 1966 | (ICCPR) | Меѓународна конвенција за граѓански и политички права |
| 1966 | (ICESCR) | Меѓународна конвенција за економски, социјални и културни права |
| 1979 | (CEDAW) | Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| 1984 | (CAT) | Конвенција против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување |
| 1986 | (UNDRTD) | Декларација за правото на развој |
| 1989 | (CRC) | Конвенција за правата на детето |
| 1990 | (CMW) | Меѓународна конвенција за заштита на правата на сите работници – мигранти и членови на нивните семејства |
| 1993 | (DEVAW) | Декларација за елиминација на насилството врз жените |
| 2000 | (OP-1) | Дополнителен протокол на конвенцијата за правата на детето за вклучување на деца во вооружени конфликти |
| 2002 | (OP-CAT) | Дополнителен протокол на конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечко или деградирачко однесување или казнување |
| 2006 | (OP-CRPD) | Конвенција за правата на лицата со попреченост |

| | | |
|---|---|---|
| 2006 | (ICPEP) | Меѓународна конвенција за заштита на сите народи од присилно исчезнување |
| 2006 | | Дополнителен протокол на конвенцијата за правата на лицата со попреченост |
| 2007 | | Декларација за правата на лицата со попреченост |
| 2007 | (UNDRIP) | Декларација за правата на домицилното население |
| 2008 | (ICESCR-OP | Дополнителен протокол на конвенцијата за економски, социјални и културни права |

Како што може да се види од табелата, Агендата за одржлив развој 2030 и човековите права се меѓусебно испреплетени и нераскинливо поврзани. Почитувањето и примената на човековите права е предуслов за реализација на концептот на одржлив развој. Тоа значи дека без признавање и делување во одбрана на правата на луѓето, одржливиот развој е невозможен. Од една страна, човековите права обезбедуваат водство

правно - обврзувачка рамка за започнување на остварувањето на мултидимензионалните цели на Агендата 2030, а од друга страна пак, целите на одржливиот развој може да служат како насока во процесот на остварување на човековите права.

## ЗАКЛУЧОК

Одржливиот развој анализиран од правен аспект, може да се сфати како принцип на меѓународното право бидејќи се применува и влијае врз целокупното меѓународно право. Неговата поврзаност со човековите права најдобро доаѓа до израз кога се анализираат неговите цели и подцели кои се содржани и обработени во Агендата 2030 за одржлив развој, од што може да се заклучи дека дури 92% од 169-те подцели на одржливиот развој се поврзани со меѓународните инструменти за човекови права.

## ЛИТЕРАТУРА

D. Tladi, Sustainable Development in International Law: An Analysis of Key Enviro-Economic Instrument,. pp. 93-110, 2007.
L. Horn, Reframing Human Rights in Sustainable Development, Journal of the Australian Law Teachers Association.
Y. Choondassery, Rights-based Approach: The Hub of Sustainable Development, Discourse and Communication for Sustainable Education, vol.8, no.2, pp. 17-23, 2017.
United Nations, General Assembly, Transforming Our World: the 2030 Agenda for Sustainable Development, A/RES/70/1, 2015.
United Nations, The Sustainable Development Goals Report, 2017.
United Nations, Sustainable Development Goals, Human Rights Office of the High Commissioner.
IPPF, Sustainable Development Goals and Human Rights; An Introduction for SRHR Advocate, 2016.